Кели Тејлор

2009 две награди за книга на годината

Рајот може да почека

...но може ли тој?


Happy Valentine's Day
to all Sakam Knigi
readers!
With love,
Cally
xo

ИЗДАВАЧКА КУЌА САКАМ КНИГИ

www.sakamknigi.mk
Местото каде ќе дознаеш што навистина вреди да се прочита...

Наслов на оригиналот **Heaven can wait**

© Cally Taylor, 2009

Copyright © за македонското издание

Издавачка куќа **Сакам книги, 2011**

Сите права обезбедени и задржани во договор со DARLEY ANDERSON BOOKS

Главен уредник Ивана Николовска

Јазична редакција Ана Кулеванова

Сите права за книгата се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во било која форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот.

КЕЛИ ТЕЈЛОР

РАЈОТ МОЖЕ ДА ПОЧЕКА

За моите родители.

ПРВА ГЛАВА

Што би направиле ако мислите дека наскоро ќе умрете?

1) Ќе врескате и ќе ги известите сите во непосредна близина?
2) Нема да кажете ништо никому и ќе полудувате во себе?
3) Ќе се преправате дека ништо не се случува

Јас, ги соблеков патиките и прснав да плачам.

Бев загрижена за моето здравје веќе недела дена. Бев преморена, моите зглобови беа потечени и кога мочкав шолјата беше како да сум истурила чаша пенливо жолто капучино. Според информациите кои ги најдов на интернет и сега испечатени на хартија ги држев во рака тоа значеше само една работа; дека имам неизлечлива, најверојатно смртоносна болест.

Мојата свадба е за помалку од четириесет и осум часа и соопштувањето на ваква лоша вест на мојот свршеник беше единствената работа која не се наоѓаше на мојата километарска листа на работи кои треба да ги направам во овие четириесет и осум часа. Но морав да му кажам на Ден. Според она што го пишува на интернет, два пати неделно ќе морам да одам во болница, да ме вклучуваат на апарати за дијализа па можно е дури да биде потребна и трансплантација. Тоа е голема и тешка работа да се издржи, за било кој маж.

Биди силна, Луси, си реков себе си додека ја отворав вратата кон дневната соба. Ти можеш да го направиш ова. Само биди силна.

Ден беше оптегнат на троседот и гледаше документарец за навиките за парење на долгите жолти пајаци. Рацете му беа прекрстени зад главата, црната косичка разбушавена, а вилицата цврсто стегната. Носеше убави светли фармерки и неговата омилена, избледена црна ***Џими Хендрикс*** маичка која ги покажуваше неговите широки рамена и силни раце. Тоа беше тоа кај Ден, тој можеше врз себе да го фрли било кое старо парталче и сè

уште да изгледа неодоливо и неверојатно секси. Не дека тој се грижеше за тоа, Ден е всушност еден од најмалку суетните луѓе кои некогаш сум ги запознала – што придонесува да го сакам уште повеќе.

Додека влегував во собата тој ги повлече своите долги нозе за да направи место за мене на троседот, но јас наместо тоа се сместив на потпирачот за рака. Кога женката пајак му ја откина главата на мажјакот и го изеде, Ден се исклешти кон мене, неговите темно кафени очи светеа од воодушевување.

„Ако треба да избирам помеѓу ова и три часа разговори после секс," рече, „дефинитивно би го одбирал кинењето на главата, секој пат."

Изгледаше збунето кога забележа дека не се смеам и погледна во моите раце кои си играа со свршеничкиот прстен. Ох Господе Боже, како ли ќе реагира кога ќе чуе? Ќе плаче ли? Ќе вика? Ќе се онесвести? Нешто уште полошо?

„Ден," почнав, „морам да ти кажам нешто многу важно."

„Што се случува?" рече, неговите очи сè уште залепени за екранот.

„Имам лоши вести."

„Нешто во врска со свадбата?" Го исклучи телевизорот, се сврте на страна и почна да гледа во мене. „Што се случи па сега? Слаткарот ставил лилјани наместо рози на врвот од тортата?"

Земав воздух длабоко и издишав. „Мислам дека имам болест на бубрезите која е веќе во понапредната фаза."

Далечинскиот управувач падна на подот кога Ден стана и ми ги зграпчи рацете со што ги турна листовите од интернет кои ги имав испечатено.

„Што имаш?!" рече, додека неговите очи го испитуваа моето лице. „Зошто не ми кажа дека ќе одиш на доктор?"

„Не бев."

„Тогаш како знаеш дека имаш болест на бубрезите?"

Му ги стиснав рацете и поминав со палецот преку неговите прсти. Тој очигледно беше во фаза на одбивање на реалноста. На интернет ме предупредија дека тој може да реагира на овој начин. „Бидејќи ги побарав моите симптоми на интернет и прочитав за нив."

Се намурти и помина со раката по вилицата. „Какви симптоми?“

Зјапав во телевизорот. Ми беше некако чудно да дискутирам за состојбата на мојата урина со моето момче. Тоа не е нешто за кое се зборува дури и ако сте заедно седум години.

„Пааа, кога мочкам се прави пена,“ реков. „Има меурчиња и на интернет прочитав дека пенлива урина е симптом на откажување на работата на бубрезите.“

Ден почна да се смее толку силно што се лизна од троседот и падна на подот. Зјапав во него со отворена уста, а потоа се наведнав кон него и го удрив по раката – многу силно.

„Зошто се смееш, Ден? Престани, ме вадиш од памет!“

Се потпре на лактите и ми ја фати раката. „Извини, Луси. Не требаше да се смеам, не сега кога смртта ти чука на врата и сето тоа. Колку долго ги имаш овие симптоми?“

Ги пребројав деновите во себе. „Околу една недела. Не, дефинитивно е точно една недела. Тие се појавија минатиот петок.“

„А што купивме ние во петокот? Што рековме дека навистина нѝ е потребно?“

Се истегнав од рацете на Ден и се загледав во него. Тука сум јас, си го отворам своето срце, зборувам за моите стравови, а тој ми зборува за купување на храна. Што по ѓаволите не е во ред со него?

„Не знам, Ден,“ реков луто. „Што сме купиле?“

„Нов освежувач за тоалетната шолја кој треба да го отстрани каменецот од шолјата.“

„И што?“

Тој ја подигна едната веѓа. „Ти не си единствената која гледа пенлива урина во шолјата изминатава недела.“

„Што?“

„Луси, ти мала смотанице,“ рече Ден, буцкајќи ме во стомакот, „си мочкала директно врз освежувачот. Поради водата тој самиот се движи кон предната страна наместо да стои настрана. Затоа има пена во шолјата.“

Зјапав во него со неверување. „Значи немам болест на бубрезите?“

„Не, Луси,“ рече Ден превртувајќи со очите. „Немаш.“

Почнав да се смеам на цел глас. „Ох, Господе Боже мој,“ не можев да проговорам од смеа. „Каков идиот сум јас!“

Ден се врати назад на троседот, ме повлече од потпирачот додека не легнав врз него. Се насмевна и ми ја потргна косата од лицето.

„Што би правел јас без тебе, Луси Браун?“ рече и ме бакна нежно.

Го држев неговото лице како да е од стакло и го бакнав и јас. Имав чувство дека животот не може да биде посовршен од ова. И бев во право, нема да биде.

До крајот на следниот ден ќе бидам мртва, но не од откажување на бубрезите.